Арх.бр. УП1-15 1765/2023
Дата.....29.08.2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола.**

Вкупната должина на оваа делница е околу 40 км.

Прелиминарниот проектен опфат за изградба на Коридор 10 Д, Делница на автопат Прилеп - Битола со пропратни содржини (позајмишта и одлагалишта) има површина од 22227763.60 m² (2222,77ha).

Површината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува приближно 1963 ha.

За останатиот дел од опфатот се издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. и намена: Y05210 стопански комплекс; Y20612 стопански комплекс; Y00616 бензинска пумпа; Y09818 социјални функции; Y42422 далновод; Y13322 телекомуникациски водови; Y46622 оптички кабел; Y08406 населба; Y32108 ТИРЗ; Y11312 стопански комплекс; Y00711 стопански комплекс; Y28313 стопански комплекс; Y15814 стопански комплекс; Y47714 друго; Y00516 бензинска пумпа; Y09416 туристички/угостителски комплекс; Y08819 гасовод; Y10407/а стопански комплекс; Y16219 населба; Y00421 фотонапонска централа; Y19221 фотонапонска централа; Y18221 далновод; Y08406 населба; Y36722 далновод; Y08523 фотонапонска централа; Y46122 фотонапонска централа; Y21123 фотонапонска централа; Y23407 стопански комплекс; Y12509 стопански комплекс; Y06706 бензинска пумпа; Y32108 ТИРЗ; Y26110 бензинска пумпа; Y02813 стопански комплекс; Y18512 стопански комплекс; Y04918 стопански комплекс; Y06620 населба; Y18721 фотонапонска централа; Y18021 далновод; Y29022 стопански комплекс; Y28607 стопански комплекс; Y29407 стопански комплекс; Y10110 стопански комплекс; Y19710 пат; Y10413 далновод; Y02915 водоснабдителен систем; Y13413 пат; Y16308 далновод; Y13713 пат; Y23013 далновод; Y02914 далновод; Y06613 далновод; Y02914 водовод; Y14113 далновод; Y24213 пат; Y20711 гасовод; Y04413 пат; Y30208 бензинска пумпа; Y04909 базна станица; Y07405 стопански комплекс; Y26411 бензинска пумпа; Y24212 бензинска пумпа; Y00823 пат.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **У 41423** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот наменети за изработка на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Согласно основните цели и предпоставки "Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновување и подобрувањето на квалитетот на шумите."

5. Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и во градба на нови инфраструктурни објекти, но со јасно определена општествена и економска корисност.

Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности.

6. Позајмиштето како дел од пропратната содржина при реализација/изведба на патниот коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола како и дел од трасата на патниот коридор 10 Д се наоѓаат во границите на третата заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) на бунарските подрачја за водоснабдување на Прилеп. Додека мал дел од трасата на постоечки пат преку кој се остварува врска на коридорот со пропратната содржина позајмиште се наоѓа во границите на втората заштитна зона (зона на санитарно ограничување), а поголемиот дел од трасата се наоѓа во границите на третата заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) на бунарските подрачја за водоснабдување на Прилеп. При изработката на документацијата да се почитува режимот на заштита дефиниран со Елаборатот.

Изградбата на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, кој е важен инфраструктурен објект за Република Северна Македонија и за Регионот треба да се усогласи со сегашната состојба и развојните планови во водостопанството. Целта е запазување на постојните водни ресурси и максимално избегнување на конфликтните точки меѓу постоечките и планираните објекти и постојните и планираните водостопански објекти.

Просторот за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола е во границите на хидро мелиоративниот систем "Стрежево". Преку ХС "Стрежево" се обезбедуваат потребните количини на вода за водоснабдување на населението во градот Битола и околните села во регионот, за наводнување на дел од Пелагониската Котлина, водоснабдување на индустријата, потоа преку хидро системот се овозможува искористување на водите за производство на електрична енергија и заштита од поплави на дел од Пелагониската Котлина.

Просторот за изградба на патен коридор 10 Д минува низ Пелагониската Котлина, најплодната површина во РС Македонија каде има изградени системи за наводнување и одводнување на обработливите површини. Исто така трасата на патниот коридор 10 Д се сече со трасата на цевководот преку кој е поврзано селото Кукуречани на водоснабдителната мрежа на градот Битола.

При изработката на урбанистичко планската документација за патниот коридор 10 Д да се согледа состојбата со постоечките водостопански објекти и да се предвидат сите проектно плански и технички мерки со што ќе се избегнат конфликти во функционирањето на патниот коридор 10 Д и објектите од системите за водоснабдување и објектите за наводнување и одводнување на обработливите површини.

7. Низ локацијата за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, минуваат постојниот 110kV преносен далновод Битола1-Прилеп, 110kV далновод Кавадарци-Прилеп и во непосредна близина се наоѓа постојната ТС Битола1 со сите нејзини приклучни далноводи заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

8. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште), со предвидена моќност до 10 MW, на КП 536 и КП 553, КО Мечкуевци, Општина Свети Николе, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

9. Просторот на предметната документација се наоѓа на територијата на подрачјето "Пелагонија", коешто согласно Предлог-Репрезентативната мрежа на заштитени подрачја, изработена во рамките на проектната активност Ref. RFP 79/2009 "Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја" од Проектот 00058373-PIMS 3728 „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија", технички и финансиски подржана од Програмата за развој на Обединетите нации – UNDP и Глобалниот Еколошки Фонд – GEF е предложено за заштита од како подрачје значајно за зачувување/управување со одредени видови флора и фауна или заштита на пределските карактеристики. За овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории на заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите.

Просторот на предметната документација се наоѓа во подрачје "Пелагонија" кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје.

10. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), со постапка бр. 54304 од 28.07.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола. Вкупната должина на оваа делница е околу 40 км. Прелиминарниот проектен опфат за изградба на Коридор 10 Д, Делница на автопат Прилеп - Битола со пропратни содржини (позајмишта и одлагалишта) има површина од 22227763.60 $m^2$ (2222,77ha).


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битол и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 1765/2023 од 14.08.2023 година и дополна УП1-15 1765/2023 од 25.08.2023 година.**

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Согласен: Државен секретар
Nebi Rexhepi



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk